# ПРОТОКОЛ ЗА СОРАБОТКА СО ОСТАНАТИ КОРИСНИЦИ

Освен за организациите од граѓанскиот сектор како дел од програмата СЛОБОДНА СЦЕНА, просторот на Кино Култура (КК) е достапен и за други корисници од поширокиот општествен контекст.

Овој протокол значи регулирање на овој тип на соработка за кој се сложуваме дека ќе се потпира на принципите на демократија, еднаквост, правичност, солидарност, взаемна помош, учество и почитување на различности. Во духот на соработка веруваме во етичките вредности - искреност, отвореност, транспарентност, општествена одговорност и грижа за другите.

*Услови за користење*

- Го добиваат просторот по договорен надомест за еден ден или неколку дена користење, кој се дефинира во зависност од настанот и потребите и во кој влегуваат тековните трошоци за просторот (струја и одржување). Цената се дефинира во зависност од настанот и потребите
- Самостојно ги покриваат техничките потреби за реализација
- Се грижат за промоција на своите програми
- Ги организираат самостојно своите додатни активности (коктел)
- Го организираат обезбедувањето доколку е потребно
- Потпишуваат договор со претставник од КК за користење на просторот каде се дефинираат прецизно условите

Кино Култура НЕ ПОДДРЖУВА говор на омраза, дискриминација и насилство по било која основа.

Овој протокол е дефиниран, поддржан и усвоен од Советодавното тело на Слободна Сцена и Управувачкото тело на Кино Култура  составено од здружението на граѓани Локомотива – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата и друштвото за театарски и едукативни работи Театар Навигатор Цветко.

Арбитар во случај на спор за сите претходно дефинирани ситуации е Управувачкото тело на Кино Култура.